**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6352/**

# З А П И С Н И К

**Од 235.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 13.11.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Снежана Јовановска-Одделение за човечки ресурси во МРТ.

Седницата започна во 14.10 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 234.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по Приговор со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година против Решение за суспензија на вработен.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 234.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 234.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 234.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 234.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и одлучување по Приговор со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година против Решение за суспензија на вработен.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Приговорот со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година.
Снежана Јовановска од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за суспензија, кој го поднел и врз основа на што.
Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по Приговорот со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година и по расправата одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година** на вработениот Александар Равњански беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа:**11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го прифати** Приговорот со бр.03-6035/7 од 06.11.2023 година, на вработениот Александар Равњански.

ТОЧКА 3:**Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за избор на програмски содржини со бр.02-6114/3 од 02.11.2023 година.
-Програмски интерес за реализација на документарно-играни репортажи со бр.14-6090/2 од 02.11.2023 година.
-Известување од Одговорен уредник на ППС на МРА со бр.13-6239/1 од 06.11.2023 година.

Во точката разно за збор се јави Снежана Клинчарова и побара одговори за две значајни прашања:
-Програмскиот совет да добие информација за забелешката во последниот извештај на Европската Комисија дека во Јавниот сервис МРТ потребно е да се реализираат реформи.
За какви реформи станува збор?
-Дали политичките партии го зголемуваат притисокот врз МРТ пред изборите во 2024, како врз првиот, особено врз вториот програмски сервис.?
Се зборува дека извесен господин, вработен во едно од министерствата на Владата,речиси секојдневно бил присутен на уредничките колегиуми на Вториот програмски сервис и божем, суштински влијаел во уредувањето на програмата.
Уредничката на Вториот Програмски сервис божем, го претставувала како советник на директорот Марјан Цветковски или како заменик директор.
Дали е ова точно и дали ваквото скандалозно и со закон забрането делување навистина се случува? Кој тоа го дозволува, ако законот вели дека ниту менаџментот, ниту Програмскиот совет не смеат да се мешаат во уредувачката политика на куќата?
Секако тоа не значи дека Програмскиот совет на МРТ не треба да ги земе уредничките во заштита, особено од надворешни влијанија.

Затоа,по расправата по однос на оваа точка беше предложен **Заклучок:**
-До Програмскиот совет на МРТ да се достави писмена и усмена информација од Директорот на МРТ Марјан Цветковски, од Уредничките на Првиот и Вториот програмски сервис, Анета Андонова и Мерита Гаши, по двете погоре образложени точки.

-По спроведеното гласање со 10 гласа ЗА и 1 Воздржан глас, Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател